# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА БОШЊАЦИТЕ

IV ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2008

Сиг.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 20.07.2008 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3668 | 1 | — |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот јазик и култура на Бошњаците за IV одделение на деветгодишното основно училиште.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# 1. ВОВЕД

Предметот *јазик и кул̄ура на Бошњацӣе* на босански јазик ја дава основата за развивање на писменоста кај учениците на својот мајчин јазик. Содржините и целите по овој предмет се реализираат со поврзување на наставните подрачја за говорење, читање и пишување, усвојување содржини за граматиката на босанскиот јазик и изразување и творење. Исто така, како што е назначено во насловот на предметот, се систематизирани содржини за културата на Бошњаците.

Учениците преку оваа настава ќе се запознаат со карактеристиките на босанскиот јазик и на сите нивоа ќе ги усвојуваат и ќе ги применуваат стндардно - јазичните норми (фонетско - фонолошка, морфолошка, синтаксичка, лексичка, правописна и ортоепска). Во текокт на изучувањето на предметот, учениците ќе се запознаат и со уметничко -литературниот и разговорниот јазик кои ќе станат својствени на говорот на ученикот.

Јазикот и културата на Бошњаците на босански јазик го потврдува културниот и јазичен идентитет на учениците и е основно средство за вербална комуникација на совј мајчин јазик. Поврзување на стандардно-јазичната норма на босанскиот јазик ќе овозможи учениците да ги сфаќаат, доживуваат, објаснуваат и раскажуваат различните видови текстови и содржини, а истовремено поттикнувајќи кај нив јазично и литературно творештво, како и развивање на способностите за самообразование.

Според наставниот план за основното училиште за предметот *јазик и кул̄ура на Бошњацӣе* на босански јазик во III одделение се планира еден час неделно (36 часа годишно), а во наредните одделенија учениците продолжуваат континуирано да го изучуваат овој предмет со по два часа неделно, односно 72 часа годишно до деветтото одделение на задолжителното основно образование и воспитание.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД од IV до VI одделение

Ученикот / ученичката :

- да се оспособува за усно и писмено изразување и збогатување на речникот;
- да усвојува поими, содржини и правила од граматиката, правоговорот и правописот на босански јазик;
- да се поттикнува да ја запознава функцијата на зборовите и нивната примена во усното, писменото и друг вид на комуникација;
- да се оспособува да анализира литературни творби применувајќи ги основните поставки: мотив, тема ; строфа, стих; рима; лик; дејство;
- да се оспособува за писмено изразување преку (текстови за практична намена, креативни текстови …) опишување, раскажување и сл.;

- да развива интерес за читање книги  и друг вид литература од  библиотеките и од други извори;
- да се поттикнува самостојно да следи  различни  литературни, сценски, филмски  и други остварувања;
- да развива чувство за социјален и личен идентитет
- да се поттикнува да ги проширува знаењата за народната и уметничка литература на бошњачкиот народ и другите култури;
- да развива свест за значењето на мирот, толеранцијата, културните односи и соработката меѓу  народите.

**3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА IV ОДДЕЛЕНИЕ**

Ученикот/ ученичката:

- да знае да чита со разбирање различни текстови
- да  се оспособува за писмено изразување (текст за: разгледница, честитка; покана ;)
- да користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- да користи  именки, заменки, придавки, броеви и глаголи во усно и писмено изразување;
- да се оспособува за правилно изговарање и пишување на зборовите од групата -је/-ије во почесто употребувани зборови;
- да  користи елементарни граматички и правописни  правила при читањето и пишувањето;

- да умее да прераскажува литературни творби на босански јазик од уметничката и народната литература (расказ, бајка, басна, сликовници);
- да раскажува за лични доживувања, чувства и да изнесува факти и сл;
- да го збогатува речникот со нови зборови на босански јазик;
- да развива чувство на припадност кон Република Македонија, Бошњачкиот народ и почит кон другите култури;
- да усвојува знаење за народната и уметничка литература на Бошњаците.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Јазик (20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **1. Граматика** | | |
| - Ученикот/ученичката:<br>- да умее да го дели зборот на слогови;<br><br>- да разликува род и број кај именките; | - Поделба на зборот на слогови<br><br>- Род и број кај именките | Слог<br><br>Род и број кај именките | - Активности за определување на бројот на слоговите во зборот.<br>- Аналитичко синтетички вежби за составување на зборови со дадени слогови.<br><br>- Пишување реченици со дадени именки со почитување на категоријата род и број |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да умее да ги разликува и објаснува придавките како зборови кои стојат до именките; | - Придавки | Пример: ***Ucenik – ucenici, knjiga-knjige, selo – sela i sl.*** <br><br> Придавки <br><br> Пример: ***Zlatna** kosa, **bijeli** oblaci, **visoka** djevojka i sl.* | Пример: *1)**Učenik** ustade. 2)**Učenici** istrčase iz učionice.* <br><br> - Активности за разликување на придавките од другите видови зборови, без нивна поделба на (описни, материјални, итн.); <br><br> - правилна употреба на придавките во реченицата. <br> Пример: ***Visoka** djevojka nosila je ibrik u ruci.* |
| - да усвојува поим за лична заменка и да умее да разликува заменка како збор кој заменува име на лице; | - Заменки <br> - лични заменки | Заменки: <br> - лични заменки <br><br> Пример: ***Ja, ti, on, ona, ono i sl.*** | - разликување на заменките од другите зборови и нивна правилна употреба во усниот и писмениот говор. <br> Примери: ***Ja** odlazim sutra..., **Ti** si lazljivica jer..., **On** govori istinu o ..., **Ona** voli lijepe ... i sl.* |
| - да го сфати поимот глагол; | - Глаголи | Глаголи <br><br> Пример: <br> *Ptica **leti** ....* <br> *Mama **radi** ...* | - Активности за усвојување на глаголите како видови зборови и нивно разликување од останатите зборови во реченицата и во текстот (без дефиниција); <br><br> Primer: *Ruke **lete**, ruke **rade**, ruke **pisu**, ruke **grade** i sl.* |
| - да умее да ги разликува и да ги именува подметот и прирокот во реченицата; | -Речница, основни членови во реченицата | Подмет <br><br> Пример: <br> ***Rijeka** tece.* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ***Djeca*** *crtaju.*<br><br>Прирок<br><br>Пример:<br>*Nana* ***plete****.*<br>*Vjetar* ***duva****.* | Вежби за издвојување на подметот и прирокот во реченицата и нивно разликување според значењето и примената во реченицата. |

| | **2. Правопис и правоговор** | | |
|---|---|---|---|
| -да ги усвојува правописните правила за пренесување на дел од зборот од еден во друг ред;<br><br>- да ги знае правоговорните и правописните правила за гласовите č, ć, dž, đ, во зборови со карактеристични | - Пренесување на дел од зборот од еден во друг ред<br><br>- Изговор и пишување на гласовите č, ć, dž, đ, во зборови со карактеристични наставки (-ić, čić, -čica, - džija, | Изговор и пишување на гласовите č, ć, dž, đ<br>Пример: *vodi**ć**,balon**čić**,* *djevij**čica**, bostan**džija**,* | - Активности за:<br>- пренесување на дел од зборот од еден во друг ред;<br><br>- изговор на гласовите č, ć, dž, đ во реченици.<br>- Вежби за интерпретативно читање и објаснување на текстот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| наставки;<br>- да ги усвои правилата за изговор и пишување на буквата h<br><br>- да ги применува правилата за изговор и пишување на групата –je/-ије во реченици;<br><br>- да ги знае правописните правила за пишување имиња на институции, адреси, списанија, празници идр.; | - džinica)<br><br>- Изговор и пишување на буквата h<br><br>- Изговор и пишување на групата -je/-ије во реченици<br><br>- Пишување голема буква на имиња на институции, адреси, списанија, празници и сл. | *ćevab**džinica**, **đ**er**đ**ef i sl.*<br><br>Изговор и пишување на буквата h<br><br>Пример:<br>***h**alapljiv, la**h**ko, **h**oran, **h**itar..*<br><br>Изговор и пишување на групата -je/-ије во одделни реченици<br>Пример:<br>*sm**ije**šan, **lije**na, bl**ije**d, v**je**št...*<br><br>Голема буква<br>*Primjer: Ulica **Hasana Kikića**; časopis **Male novine**; naziv praznika: **Bajram** itd.* | - Пишување на зборови, реченици и кратки текстови со гласовите č, ć, dž, đ.<br>- правилен изговор на буквата h во реченици во кои таа се испушта.<br>- правилно пишување на гласот h во реченицата.<br>- Активности за правилен изговор и пишување на –je/-ије во реченици и облици во кои тие се менуваат.<br>- правилна примена на правописните правила за пишување на сопствените именки за институции, адреси, списанија, празници. |

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Изразување и творење (30часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **1. Усно изразување** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>- да се умее да прераскажува куси содржини;<br>- да се оспособува да раскажува видени, доживеани настани и сл.;<br>- да се оспособува да опишува предмети и појави во природата. | - Прераскажување на куси текстови (расказ, бајка, басна);<br>- Раскажување на доживеан настан;<br>- Раскажување по низа слики;<br>- Раскажување по дадени зборови;<br>- Опишување: предмети и појави во природата и др. | Прераскажува ње<br><br>Раскажување<br><br>Опишување | - Активности за: прераскажување на обработени текстови;<br>- раскажување по дадени слики, дадени зборови и по даден план;<br>- опишување (по даден план). |
| | **2. Писмено изразување** | | |
| - да умее да препишува правилно реченици и кратки текстови или делови од текстови (од латиница на латиници, од латиница на кирилица, од кирилица на латиница);<br><br>- да знае да прераскажува писмено содржина од обработен текст;<br><br>- да се оспособува да раскажува писмено свое доживување логички поврзано со правилни и јасни реченици;<br><br>- да умее да опишува писмено по даден план; | - Препишување на кратки текстови или делови од текстови (од латиница на латиница, од латиница на кирилица, од кирилица на латиница)<br><br>- Писмено прераскажување на дел од текст или обработен текст<br><br>- Писмено раскажување на доживеан настан<br>- Писмено раскажување со даден почеток<br><br>- Писмено опишување на предмет, појави во природата и лик | Препишување<br><br>Прераскажува ње<br><br>Раскажување<br><br>Опишување | - Активности за препишување на кратки текстови или делови од текстови (од латиница на латиница, од латиница на кирилица,од кирилица на латиница);<br>- за писмено прераскажување на дел од текст , кратки текстови, содржини од гледана претстава,филм и др.<br>- за писмено раскажување на доживеан настан (во училиште, семејство, на излет, изложба и др.).<br>- Вежби за писмено опишување на предмет, појави и лик.<br><br>- Активности за: пишување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да знае да пишува состав, честитка и разгледница, покана и сл.; | - Пишување состав по низа слики и по дадени зборови<br><br>- Пишување честитка<br>- Пишување разгледница<br>- Пишување покана | Честитка<br>Разгледница<br>Покана | состав според слика, дадени зборови, по даден почеток и со изменување на завршетокот на настанот.<br><br>- пишување на честитки, покани и разгледници. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Литература и култура на Бошњаците (22 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>- да се оспособува за изразно читање со почитување на интерпункциските знаци (правилна артикулација на гласовите, зборовите и речениците при читањето);<br>- да се оспособува за читање во себе со разбирање на текстот;<br>- да се оспособува за драмско читање (со имитирање на говорот на ликовите во текстот);<br>- да умее да го увиди редоследот на настаните во литературните творби;<br>- да препознава елементи во содржината на текстот (елементи за план на текстот);<br>- да препознава ликови во текстот;<br>- да се воведува да опишува ликови од читан текст и сл. | - Логично читање:<br>а) гласно читање<br>б) изразно читање<br><br>- Читање во себе<br><br>- Драмско читање<br><br>- Хронолошки ред на настаните во расказ, бајка, басна, драмски текст<br>- План на текстот<br><br>- Определување на ликови - главен и споредени<br>- Опис и особини на ликовите | Гласно читање<br>Изразно читање<br><br>Читање во себе<br><br>Драмско читање<br><br>Редослед на настаните<br><br>План<br><br>Лик | Активности за:<br>- правилно гласно и логичко читање со почитување на интерпункциските знаци;<br>- правилно изговарање на зборовите во реченицата.<br>- пресретнување грешки во изговорот на зборовите.<br>- Вежби читање на текстови пишувани на босанско латинско писмо.<br>Активности за:<br>- препознавање и разликување на расказ, бајка, басна и драмски текст.<br>- воочување на редоследот на настаните во текстовите;<br><br>- самостојно определување на содржината на текстот - извлекување на главна мисла.<br>- Вежби за препознавање и разликување на главните и споредните ликови;<br><br>- определување на особините на ликовите и нивно опишување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознава со поговорки и гатанки како народни мудрости;<br><br>- да препознава песна (стихотворба) од другите видови текстови (расказ, басна, бајка);<br><br>- да се оспособува да разликува стих од строфа;<br>- да препознава рима во стихотворба; | - Поговорки и гатанки<br><br>- Песна<br><br>- Стих, Строфа<br><br>- Рима | Поговорки и гатанки<br><br>Песна<br><br>Стих, Строфа<br><br>Рима | - Разговор за гатанките и поговорките како и народни мудрости и за нивната содржина.<br>Активности за:<br>- примена на поговорки и гатанките при анализа на текстот (при извлекување на поука од текстот - идејната основа);<br><br>- рецитирање на песни;<br><br>- разликување стих, строфа и рима во песната. |
| - да ги прошири знаењата од музичкото творештво на Бошњаците;<br><br>- да препознава некои обичаи на Бошњаците;<br><br>- да знае да опише стар занает на Бошњаците;<br><br>- да се запознае со основните празници кои ги празнуваат Бошњаците; | - Народни песни,инструменти, носии, ора и игри | Народни песни, инструменти, носии, ора и игри<br>Примери:<br>*sevdalinke* ***"Moj Dilbere", "Mlado momče za Sjenicu pita", "Sabah uči ja se u lov spremam" i sl.***<br>*Instument:* ***Saz***<br>*Ženska nošnja:* ***zubun, tepeluk, svilenica itd.***<br>*Kolo:* ***Sarajka;*** | - Собирање и слушање на народни бошњачки песни.<br><br>- Запознавање со традиционалните музички инструменти, носии и ора.<br><br>- Разговор за обичаите и обредите на Бошњаците.<br><br>- Разговор за занаетите и занимањата кои се најчести кај Бошњаците.<br><br>- Разгледување на фотографии со карактеристични примери од минатото во животот на Бошњаците. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се потикне да ги открива сличностите на обичаите, музичкото творештво и сл. кај Бошњаците и другите заедници во Р.Македонија | - Народни обичаи и обреди<br><br>- Стари занаети кај Бошњаците<br><br>- Празници | Народни обичаи и обреди<br><br>Примери:<br>*Običaji:* ***Kana***<br>Стари занаети и градби<br>Примери:<br>***Tkanje ćilima***<br>Празници<br>Примери:<br>***Ramazanski Bajram*** | - Разговор на тема: како се подготвуваме и како ги празнаваме празниците.<br><br>- Разговор за сличностите во обичаите кај Бошњаците и другите заедници во Република Македонија. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот **Јазик и култура на Бошњаците** на босански јазик ги опфаќа следните подрачја: **Јазик (Граматика); Изразувње и творење; Литература и култура на Бошњаците.**

При планирањето на наставата во IV одделение наставникот/наставничката важно е да има предвид дека треба интегрално да се планираат целите, содржините и активностите од сите наставни подрачја во наставната програма за да може да се постигне целовитост во изучувањето на јазикот (граматиката), изразувањето и творењето на босански литературан јазик и литература и култура на Бошњаците. Исто така, подеднакво треба да внимава, (во интегралното планирање) да не се запостават некои од битни карактеристики на босанскиот јазик што се предвидени со наставната програма. Бидејќи овој наставен предмет во IV одделение се изучува со по два час неделно, наставната програма одговара на развојните карактеристики на учениците и предвидениот фонд на часови. Така наставникот/наставничката може да планира глобално во рамките на  дваесет наставни часови да посветува соодветно внимание на содржините и активностите за јазик(граматика), правопис и правоговор ; на триесет наставни часови да планира содржини и активности за изразување и творења; а на дваесет и два наставни часови соджини и активности за литература и култура на Бошњаците (народни песни, инструменти, носии, ора и игри;  обичаи и обреди; стари занаети и други обележја во животот на бошњаците) кои се интегрирани со другите наставни подрачја;

Како што е веќе наведено, секое наставно подрачје интеракциски упатува на системот на предметот јазик и култура на Бошњаците на босански јазик. Всушност предметните подрачја даваат такви можности според структурата, т.е. нивните содржини, па во таа смисла не може да се разработуваат содржини (песни, раскази, народни приказни, басни и сл.), а притоа да не се користат формите на изразување и творење (прераскажување, опишување) или да не се внимава на граматичката точност при говорењето и пишувањето или  во изразувањето и творењето. Оваа поврзаност на наставата на босански јазик е битна карактеристика, исто како што е и поврзаноста на предметот  со другите предмети и содржини, што претставува важен принцип во реализацијата  на наставата во основното училиште.

При планирањето на содржините наставникот/наставничката треба да се придржува на правилата на постапност и систематичност, така што во текот на учебната година да се даде акцент за разработка на  содржини и активности со користење на латиницата.

Исто така, за да може да се постигне целта на наставата по овој предмет се налага потреба наставникот/чката да планира и да обработува претежно содржини ( текстови, песни, раскази и сл.) на босански јазик во кои се содржат теми за обичаите и другите карактеристики поврзани со јазикот и културата на Бошњаците.

Освен тоа наставникот/наставничката треба да посвети поголемо внимание за правилна употреба на падежите во босанскиот јазик во усното и писменото изразување кај учениците.

***Насшавни средсшва:***

- учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- енциклопедии, речници и сл.;
- аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот - ЦД ;
- други извори на учење: Интернет;

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

На почетокот на учебната година наставникот/наставничката прибира показатели со цел да се запознае со предзнаењата на учениците за босанскиот јазик, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Исто така, треба да воспостави контакт со родителите и да ги запознае со карактеристиките на наставната програма по босански јазик за IV одделение и начинот на обработката на содржините во наставата и следењето на постигањата на учениците (особено дека во четврто одделение учениците се оценуваат со описна и бројчана оценка а на крајот на наставната година ученикот добива сведителство со бројчани оценки. Притоа треба да се нагласи дека оценката по овој предмет влијае на општиот успех на ученикот.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* - Во текот на наставата по босански јазик во четврто одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретни активности или студии на случај во кои наставникот/наставничката ја бележи фактичката состојба;

*СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* - Врз основа на целокупните податоци од формативното оценување наставникот на во текот на годината ги оценува со описна и бројчана оценка, а на крајот на наставата изведува само бројчани оценки.

*ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО*

- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци за ученикот се пренесува во наредното, повисоко одделение.

*НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ* - Согласно со природата на предметот јазик и култура на Бошњаците на босански јазик во четврто одделение, може да се применуваат различни методи и техники за *усно и писмено проверување на постигањата на ученикот( говорни вежби,презентации,писмени вежби, и сл. ).*

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и на наставните средства за I до VI одделение донесен од страна на Министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во четврто одделение може да ја изведува лице кое говори на босански јазик и кое завршило Филолошки факултет – наставена насока:

- Историја на книжевноста на народите на СФРЈ, со српски јазик како втор глевен предмет (по стара програма);
- Македонска книжевност и јужнословенска книжевност, со српски јазик како втор главен предмет;
- Македонски јазик, српски јазик и книжевност;
- Српски јазик под А ( по стара програма);
- Босански, хрватски, српски јазик и книжевност;

## 9. КОМИСИЈА КОЈА ЈА ПОДГОТВИ НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

- Ениса Рамиќевиќ, професор по македонска и јужнословенска книжевност при ОУ „ Алија Авдовиќ" - Скопје
- м-р Емина Авдиќ, Филолошки факултет – Скопје
- м-р Зеќир Рамчиловиќ, Културен центар на Бошњаците – Скопје
- Зилха Биберовиќ, професор по одделенска настава при ОУ „Рајко Жинзифов" – Велес
- Жанета Чонтева, психолог, УНИЦЕФ
- м-р Таше Стојановски – советник во Бирото за развој на образованието - координатор

## 10. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по јазик и култура на Бошњаците на босански јазик за четврто одделение во деветгодишното основно образование ја донесе:

Министер

Сулејман Рушити

на ден ______________

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 07-4096/1
22.05. 2008 год.
СКОПЈЕ